Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

# Извештај за постапувањето на КСЗД по претставки за заштита од дискриминација

## период јули-септември 2025 година

Скопје, октомври 2025 година

89

физички и правни лица поднеле
претставка до КСЗД за заштита
од дискриминација

1

поведена постапка на КСЗД
за заштита од дискриминација
по службена должност

21

случаи на утврдена
дискриминација во периодот од
јули до септември 2025 година

*Изразите во овој извештај кои имаат родово значење се однесуваат подеднакво на машкиот и женскиот род*

# ПРЕДМЕТИ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА




Во третиот квартал на 2025 година, до КСЗД се доставени 89 претставки и тоа 76 од физички лица и 13 од правни лица.

Во споредба со истиот период во 2025 година, бројот на поднесени претставки е намален за 23%.

Во извештајниот период КСЗД поведе и една постапка по службена должност.




Од подносителите физички лица 5 не доставиле податок за припадноста на пол. Од оние кои доставиле, 30 (42%) биле жени и 41 (58%) биле мажи.




Во однос на националната припадност, 36 граѓани не се изјасниле. Од оние кои се изјасниле 30 биле Македонци, 4 Албанци, 4 Турци, 1 Ром и 1 Бошњак.




Во поглед на возраста, најмногу претставки се поднесени од граѓани на возраст 41-50 години (15 претставки) и 31-40 години (14 претставки).

Податок за нивната возраст не доставиле 20 подносители на претставки.

## МАПА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПРЕТСТАВКИ




46 претставки поднеле граѓани и правни лица од Скопје. Потоа следат:

- по пет од Битола и Кичево
- по три од Велес, Гостивар, Прилеп и Штип
- по две од Дебар
- по една претставка од Виница, Делчево, Демир Капија, Демир Хисар, Дојран, Кавадарци, Кочани, Куманово, Липково, Маврово и Ростуше, Охрид, Пласница, Росоман, Тетово, Чешиново-Облешево и Чучер-Сандево.

Една претставка е поднесена од граѓанска организација со седиште во Белгија, еден подносител е со адреса на живеење во Турција и еден во Австралија.

## ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ НА КСЗД ВО ТРЕТИОТ КВАРТАЛ НА 2025




Во третото тримесечје на 2025 година, КСЗД донесе вкупно 79 одлуки по предмети за заштита од дискриминација.

Донесени се 30 мислења по спроведена постапка за утврдување на дискриминација, од кои во 21 случаи се утврди дискриминација, а во 9 не се утврди дискриминација.

Се отфрлиле, односно не била поведена постапка или била запрена постапката по 49 претставки.

# УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

## Видови на утврдена дискриминација




Директната дискриминација е најчест утврден вид во третиот квартал на 2025 година со вкупно 13 случаи, од кои три како дискриминација во потежок облик, и тоа два случаи на директна интерсекциска дискриминација и еден случај на директна продолжена дискриминација.

Утврдени се и пет случаи на индиректна дискриминација, два случаи на вознемирување и еден случај на сексуално вознемирување, проследено со поттикнување на сексуално вознемирување и поттикнување на вознемирување по перцепција

## Основи на утврдена дискриминација




Политичкото уверување е најчесто утврдената основа на дискриминација во третиот квартал на 2025 година со вкупно 6 случаи, од кои во еден случај како дискриминација врз основа на претпоставена политичка припадност.

Потоа следат случаите на дискриминација врз основите етничка припадност, пол и личен и општествен статус. Утврдени се случаи на дискриминација и врз основите род, припадност на маргинализирана група, попреченост, здравствена состојба, возраст и семејна или брачна состојба.

Во три случаи се утврди дискриминација врз друга основа - два врз основа на бременост и еден случај на дискриминација врз основа на мајчинство.

## Области на утврдена дискриминација




62% од случаите на дискриминација утврдени во третиот квартал на 2025 година биле во областа на работните односи.

КСЗД утврди дискриминација и во областите образование, здравствена заштита, пристап до правото на соодветно домување, потоа дискриминација на социјалните мрежи (јавно информирање и медиуми), како и во друга област - остварување на правото на надоместок заради попреченост.

## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

### Директна дискриминација во пристапот до вработување по основ на пол, возраст и семејна состојба

Комисијата утврди дека е сторена директна дискриминација врз основа на пол, род, возраст, мајчинство и семејна или брачна состојба, во областа на пристап до вработување. Дискриминацијата произлегува од јавен оглас за вработување објавен од една приватна компанија, со кој се исклучуваат од можност за аплицирање одредени категории потенцијални кандидати – лица под 24 и над 40 години, мажи, родители со новороденче, како и лица кои имаат намера да станат родители.

Со ваквиот оглас е ограничен еднаковиот пристап до вработување и е повреден принципот на недискриминација утврден во Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за работни односи.

На компанијата ѝ се препорачува во иднина да се воздржува од објавување огласи со дискриминаторска содржина и да обезбеди еднаков пристап до работни места за сите потенцијални кандидати, без оглед на нивниот пол, возраст, семејна состојба или родителски статус.

Повеќе за случајот прочитајте на следниот линк.

### Продолжена дискриминација и несоодветни услови во психијатриските здравствени установи

Утврдена е продолжена дискриминација во пристапот до здравствена заштита кон пациентите сместени во психијатриските здравствени установи. И покрај законските обврски за еднаков пристап до здравствена грижа, условите во овие установи остануваат несоодветни, со недоволна инфраструктура, недостиг од кадар и ограничени ресурси.

За надминување на ваквата состојба, Комисијата упати повеќе препораки насочени кон Министерството за здравство и психијатриските болници:

- Министерството за здравство да предвиди средства во Буџетот за 2026 година, за итна санација на установите и да подготви акциски план.
- Да обезбеди возила специјално наменети за психијатриските здравствени установи во рамки на набавката на возила за прва помош.
- Да изработи Национален акциски план за изградба и реконструкција на објекти, со приоритет на судско-психијатриското одделение во Скопје и нова зграда за геријатриското и хроничното одделение во Демир Хисар.
- Во соработка со Министерството за финансии, да овозможи нови вработувања според потребите во сите психијатриски установи.
- Психијатриските болници во Скопје, Демир Хисар и Негорци да поднесат барања за нови вработувања и да изготват планови за обнова на основниот инвентар и опрема.
- Истите установи да подготват планови за превентивно и корективно одржување, управување со имотот, финансиско планирање и подготвеност при итни случаи.

Со спроведување на овие мерки ќе се придонесе кон подобрување на условите во психијатриските установи и обезбедување на еднаков пристап до здравствена заштита за сите пациенти.

Повеќе за случајот прочитајте на следниот линк.

ул. „Даме Груев“ бр. 1, 1000 Скопје

+ 389 23 232 368
+ 389 23 216 892

contact@kszd.com
www.kszd.mk